# Правила и услови
# за употреба на квалификувани доверливи услуги

**Verba Sign, Verba Seal, Momentum**

Верзија: 2.0

Датум: 09.09.2022

111.07

**KIBS AD Skopje**

© 2022 KIBS AD Skopje, all rights reserved

http://www.kibstrust.com/

## Белешка за документот и заштитен знак

КИБС и KIBSTrust се регистрирани заштитни знаци на КИБС АД Скопје. Другите имиња наведени во овој документ може да бидат заштитни знаци на нивните сопственици. Давателот на доверливи услуги претставува организациски дел на КИБС, но функционира како бренд под името KIBSTrust, така што терминот „Давател на доверливи услуги КИБС" се поистоветува со „KIBSTrust".

КИБС АД Скопје како правно лице во овој документ е претставен скратено како КИБС.

Овој документ е изработен од KIBSTrust и ги содржи условите според кои KIBSTrust дејствува како Квалификуван давател на доверливи услуги (QTSP) и Квалификуван давател на услуга за издавање временски жигови (QTSSP).

## Права на интелектуална сопственост

Авторското право во овој документ припаѓа на КИБС. Сите права се задржани. Освен како што е лиценцирано подолу, ниту еден дел од оваа публикација не може да се репродуцира, складира или вметне во систем за пребарување, или да се пренесува, во која било форма или на кој било начин (електронски, механички, со фотокопирање, снимање или на друг начин), без претходно писмено одобрение на КИБС.

Барањата за која било дозвола за репродукција на оваа публикација (како и барањата за копии) мора да бидат упатени до КИБС, „Кузман Јосифовски Питу" број 1, 1000, Скопје, Република Северна Македонија; насловено до: Одбор за управување со политика. Тел: +389 2 3297 412, е-пошта: pma@kibstrust.com

## Историја на промени

| Верзија | Дата | Цел на промената |
|---|---|---|
| 2.0 | 09.09.2022 | Документот „Правила и услови за користење на квалификувани доверливи услуги" е ажуриран со услуга за издавање квалификувани временски жигови.<br>Промена на кодирање на документи од 4-111.01-01 на 111.07. Преуредување наслови и некои содржини. |
| 1.0 | 08.05.2012 | Иницијален документ поврзан со КИБС коренски ИС G2 (KIBS Root CA G2) |

## Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Општи услови | 3 |
| 2. | Доверливи услуги | 3 |
| 3. | Ограничувања за употреба и чување | 4 |
| 4. | Докажување на идентитет и примена на сертификат | 4 |
| 5. | Електронски временски жигови | 4 |
| 6. | Прифаќање сертификат за електронски потпис или печат, типови сертификати | 5 |
| 7. | Прифатливо користење | 6 |
| 8. | Обврски на KIBSTrust | 6 |
| 9. | Обврски на Претплатникот | 6 |
| 10. | Обврски на Засегнати страни | 8 |
| 11. | Поништување сертификати | 9 |
| 12. | Гаранции, ограничување на одговорност, обесштетување | 9 |
| 13. | Применливи договори, политики, CP/CPS | 11 |
| 14. | Политика на приватност и доверливост | 12 |
| 15. | Достапност за лица со посебни потреби | 12 |
| 16. | Политика за поврат на средства | 12 |
| 17. | Применлив закон, жалби и решавање спорови | 13 |
| 18. | Лиценци, доверлива листа и ревизија | 13 |
| 19. | Контакт информации | 14 |
| 20. | Важност на Правилата и условите | 14 |
| 21. | Дефиниции и кратенки | 15 |

# 1. Општи услови

ОВИЕ ПРАВИЛА И УСЛОВИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ВАШИТЕ ЗАКОНСКИ ПРАВА. ВЕ МОЛИМЕ ПРОЧИТАЈТЕ ГИ ВНИМАТЕЛНО. СО ПРИФАЌАЊЕ НА ОВИЕ ПРАВИЛА И УСЛОВИ, ВИЕ СЕ СОГЛАСУВАТЕ ДА ГИ ПОЧИТУВАТЕ И ДА СЕ ОБВРЗЕТЕ НА НИВ.

1.1. Со овие Правила и услови за Квалификувани доверливи услуги (во понатамошниот текст како ,,Правила и услови") се регулира користењето на Квалификувани сертификати за електронски потписи, печати и временски жигови од страна на претплатникот (во понатамошниот текст како ,,Претплатник") и истите претставуваат правно обврзувачки договор помеѓу Претплатникот и КИБС како Квалификуван давател на доверливи услуги (во понатамошниот текст како KIBSTrust).

1.2. Претплатникот мора да се запознае со Правилата и условите и истите да ги прифати.

1.3. KIBSTrust го задржува правото, по своја дискреција, да ги менува и дополнува Правилата и условите во секое време и без известување, доколку KIBSTrust има оправдана причина за таквите измени и дополнувања. Тековната верзија и претходните верзии се објавени на: https://www.kibstrust.com/repository.

1.4. KIBSTrust може да одбие издавање на сертификат, по своја дискреција, доколку верификацијата на идентитетот на Претплатникот не е успешна.

1.5. Претплатникот треба да го заврши процесот на издавање сертификат во рок од 30 дена од датумот на поднесување на образецот за порачка подготвен во форма на Договор (во понатамошниот текст како ,,Образец за порачка и договор") за издавање на квалификуван сертификат.

1.6. Претплатникот треба да е легално квалификуван или соодветно овластен за издавањето на Квалификуван сертификат или општо земено, која било друга доверлива услуга.

1.7. Претплатникот се согласува да користи квалификуван уред за креирање потпис (QSCD), кој ќе биде обезбеден од страна на KIBSTrust. QSCD може да биде локален и далечински. Претплатникот е единствено одговорен за правилната употреба на QSCD.

1.8. Претплатникот може да побара сертификатот да не се објави во јавното складиште на KIBSTrust на издадени сертификати.

1.9. Претплатникот е одговорен за плаќањето на сите такси и давачки за понудените доверливи услуги, како и за секој надоместок што произлегува поради неправилната употреба на Сертификатот или на доверливата услуга.

1.10. KIBSTrust како QTSP гарантира почитување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација при остварување на човековите права и слободи[1].

1.11. Сертификатот во никој случај не може да се пренесе на друго лице.

# 2. Доверливи услуги

Претплатникот може да аплицира за следниве Доверливи услуги понудени од KIBSTrust:

2.1. Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис издаден на физичко лице, со употреба на QSCD.

2.2. Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис издаден на физичко лице, без употреба QSCD.

2.3. Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис издаден на физичко лице поврзано со правно лице, со употреба на QSCD.

[1] Закон за спречување и заштита од дискриминација

2.4. Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис издаден на физичко лице поврзано со правно лице, без употреба на QSCD.

2.5. Квалификуван сертификат за квалификуван електронски печат издаден на правно лице, со употреба на QSCD.

2.6. Квалификуван сертификат за напреден електронски печат издаден на правно лице, без употреба на QSCD.

2.7. Квалификувана услуга за издавање квалификувани временски жигови.

Квалификуваните сертификати се сертификати со долгорочна важност. Сертификатот со долготрочна важност е валиден од 1 до 3 години.

## 3. Ограничувања за употреба и чување

3.1. Ограничување на употреба и чување на квалификуваните сертификати за електронски потписи и печати

3.1.1. Информациите во сертификатите се точни. Нема грешки или суштинско погрешно претставување на фактите во сертификатот што се познати или што потекнуваат од субјектите кои ја одобруваат апликацијата за сертификат или издаваат сертификат.

3.1.2. Сертификатот станува валиден на датумот наведен во сертификатот. Валидноста на сертификатот истекува на датумот наведен во сертификатот или на датумот и во времето кога е поништен сертификатот.

3.1.3. Ревизорските записи се чуваат локално во период од најмалку два (2) месеци. Физичките или дигиталните архивски записи во врска со порачката на сертификат, информациите за регистрација и поништување се чуваат во период од најмалку десет (10) години по истекот на соодветниот сертификат.

## 4. Докажување на идентитет и примена на сертификат

4.1. Пред издавање на Квалификуван сертификат, идентитетот на Претплатникот се верификува од страна на KIBSTrust преку еден од следниве методи:

- со физичко присуство на Претплатникот кој доставува прифатливи официјални документи за идентификација (член 24, став 1а од eIDAS Регулативата и член 11 од МК-eIDAS); или
- далечински, со Квалификуван сертификат за електронски потпис или електронски печат (член 24 став 1в од eIDAS Регулативата и член 11 од МК-eIDAS); или
- еквивалентно на физичко присуство, далечинска проверка на идентитетот со употреба на метод кој овозможува сигурност еднаква на физичкото присуство (член 24, став 1 г од eIDAS Регулативата и член 31 од МК-eiDAS).

4.2. Претплатникот/субјектот треба да го потпише и да го достави до РК/ЛРК на KIBSTrust соодветниот Образец за порачка и договор, да го докаже идентитет и други потребни документи, како што е наведено во Образецот за порачка и договор. Прифатливи документи за идентификација се: национална лична карта за жител на Република Северна Македонија, привремена лична карта за странски државјани со привремен престој во Република Северна Македонија, лична карта за странски државјани за државјани од земји што Владата на Република Северна Македонија ја прифаќа како легална патна исправа и пасош за сите граѓани. КИБС може да додели дел од целиот процес на верификација на идентитетот на трето лице.

## 5. Електронски временски жигови

5.1. Претплатник на квалификувани услуги за временски жиг може да биде физичко или правно лице, со склучување на релевантен договор со KIBSTrust.

5.2. Претплатникот е одговорен за ставање на временскиот жиг при потпишување со неговиот квалификуван сертификат.

5.3. Ограничување на употреба и чување

5.3.1. Временските жигови стануваат валидни од датумот наведен во нив. Истечените временски жигови се неважечки. Валидноста на временскиот жиг истекува на датумот на истекување, наведен во временскиот жиг или ако сертификатот за единицата за временски жиг (TSU) е поништен. KIBSTrust како Издавачот на временски жигови (TSA) гарантира дека приватните клучеви за потпишување на единицата за временски жиг не се користат по крајот на нивниот животен циклус. Посебно, постојат оперативни и технички постапки за да се обезбеди дека е поставен во функција нов клуч кога ќе истече периодот на користење на клучот на единицата за временски жиг и дека приватните клучеви на единицата за временски жиг или кој било дел, вклучително и сите копии се уништени, така што приватниот клуч не може да се обнови. Системот за генерирање токен за временски жиг (TST) ќе го одбие секој обид за издавање TST ако приватниот клуч за потпишување е истечен или ако периодот на користење на приватниот клуч за потпишување е истечен.

5.3.2. KIBSTrust има воспоставено технички процедури за да се осигура дека токените за временски жиг се издаваат безбедно и го вклучуваат точното време. KIBSTrust QTSA гарантира дека неговото време е синхронизирано со UTC во рамките на декларираната точност со повеќе независни извори на време. TST се издаваат со точност од ± една (1) секунда. KIBSTrust спроведува безбедносни контроли за да спречи неовластено работење, насочено кон калибрирање на QTSA времето. KIBSTrust ја следи синхронизацијата за истата да се одржи кога ќе се случи престапна секунда.

5.3.3. Локалните сервери кои обезбедуваат мрежен протокол за време (NTP) со GPS извор на податоци за времето и атомски часовник од рубидиум се користат како референци за мрежниот протокол за време (NTP). Следењето на синхронизацијата на часовниците се врши преку споредба на изворите на податоци за времето. Информациите за излегување од синхронизација на часовниците ќе бидат достапни во јавните медиуми.

5.3.4. Сертификатите за временскиот жиг важат десет (10) години. Евиденцијата и записите за временскиот жиг се чуваат десет (10) години по истекот на сертификатот за единицата на временски жиг (TSU).

5.3.5. Претплатникот на услуги за временски жиг треба да:

- користи безбедни криптографски функции за барањата за временски жиг.
- потврди дека:
  - Сертификатот за единицата за временски жиг (TSU) припаѓа на KIBSTrust
  - TSU сертификатот не е поништен
  - Сертификатот е обележан како квалификуван
  - Издавачкиот QTSA сертификат не е поништен.

5.3.6. Засегнатите страни на услугите за временски жиг треба да верификуваат дека:

- сертификатот за единицата за временски жиг (TSU) припаѓа на KIBSTrust
- TSU сертификатот не е поништен
- обележан е како квалификуван
- издавачкиот QTSA сертификат не е поништен.

# 6. Прифаќање сертификат за електронски потпис или печат, типови сертификати

6.1. По поднесување на образецот за порачка и договор за сертификат, Претплатникот потврдува дека е запознаен и ги прифаќа Правилата и условите.

Следниве постапки претставуваат прифаќање на Сертификатот за Квалификуван електронски потпис и квалификуван електронски печат:

- Генерирање на Сертификатот претставува прифаќање на Сертификатот од страна на Претплатникот.
- Неуспех на Претплатникот да направи приговор за Сертификатот или неговата содржина во рок од 120 часа (5 дена) од генерирањето на сертификатот, претставува прифаќање на Сертификатот.

6.2. Тип на сертификат и применлива политика:

| Тип на сертификат | Применета и објавена Политика за сертификација |
|---|---|
| Квалификувани електронски потписи во согласност со МК-eIDAS и eIDAS. | KIBSTrust CP/CPS за Квалификувани сертификати за електронски потписи и квалификувани електронски печати, објавени на: https://www.kibstrust.com/repository<br>ETSI EN 319 411-2 Политика: QCP-n-qscd |
| Квалификувани електронски печати во согласност со МК-eIDAS и eIDAS. | KIBSTrust CP/CPS за Квалификувани сертификати за електронски потписи и квалификувани електронски печати, објавени на: https://www.kibstrust.com/repository<br>ETSI EN 319 411-2 Policy: QCP-l; QCP-l-qscd |
| Квалификувани временски жигови | KIBSTrust CP/CPS на Квалификуваниот издавач на временски жигови, објавен на: https://www.kibstrust.com/repository<br>ETSI EN 319 421, ETSI EN 319 422 Политики |

# 7. Прифатливо користење

7.1. Квалификуваниот електронски потпис има еквивалентно правно дејство на рачно ставениот потпис и е поврзан со потписникот, така што потписникот не може во иднина да негира дека тој е лицето кое потпишало.

7.2. Квалификуваниот електронски печат се користи за да го гарантира потеклото и интегритетот на податоците со кои тој е поврзан.

7.3. Сертификатите нема да се користат надвор од опсегот и контекстите, наведени во KIBSTrust CP/CPS или за незаконски цели, спротивно на јавниот интерес, или на друг начин кој може да му наштети на бизнисот и угледот на KIBSTrust.

7.4. Услугите на временски жиг се користат во рамките на границите и контекстите, наведени во KIBSTrust QTSA CP/CPS. Секоја незаконска употреба вон тие граници е забранета.

# 8. Обврски на KIBSTrust

8.1. Не доведувајќи го во прашање дел 12, KIBSTrust ги обезбедува услугите во согласност со CP/CPS за квалификувани електронски потписи и електронски печати, CP/CPS на Квалификуваниот издавач на временски печати KIBSTrust, како и релевантната законска регулатива.

# 9. Обврски на Претплатникот

9.1. Претплатникот има право да поднесе барање за издавање сертификат или барање за временски жиг, со прифаќање на овие Правила и услови и со придржување на барањата предвидени во CP/CPS на KIBSTrust за Квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати и соодветно, CP / CPS на Издавачот на временски жиг.

9.2. Претплатникот и/или субјектот на квалификуваните електронски потписи или печати е:

9.2.1. Индивидуално одговорен за одржувањето на неговиот приватен клуч.

9.2.2. Индивидуално и целосно одговорен за сите последици од користењето на своите сертификати за време и по завршување на валидноста на сертификатот.

9.2.3. Индивидуално одговорен за сите штети направени поради пропуст или ненавремено извршување на своите обврски, наведени во овие Правила и услови и/или закони на Република Северна Македонија.

9.2.4. Да обрне внимание дека електронските потписи или електронските печати добиени врз основа на истечени или поништени сертификати се невалидни.

9.2.5. Да поднесе точни, вистинити и целосни информации во врска со издавањето на сертификатот.

9.2.6. Да ги поднесе до KIBSTrust потребните документи за идентификација, како што е наведено во Образецот за порачка и договор за издавање сертификат, како и да ги следи чекорите кои ги навел KIBSTrust за исполнување на процесот на регистрација.

9.2.7. Да не продолжи со постапката на издавање сертификат, доколку Претплатникот не е правно квалификуван да го стори тоа.

9.2.8. Да осигура дека приватниот клуч на Претплатникот се користи под негова/нејзина контрола и да спроведува разумна грижа за да се избегне неовластена употреба.

9.2.9. Да биде одговорен за тајноста на Приватниот клуч кога тој се наоѓа на локалниот QSCD, како и за податоците за автентикација (корисничко име, лозинка, OTP) при пристап до приватните клучеви кога се наоѓаат на далечинскиот QSCD.

9.2.10. Да биде одговорен за правилната употреба на мобилниот уред на кој е инсталирана апликацијата за генерирање OTP за да се генерира и користи Квалификуваниот сертификат што се наоѓа на далечинскиот QSCD. Доколку Претплатникот го загуби или уништи или не може да го користи Квалификуваниот сертификат поради некоја друга причина, надвор од контролата на КИБС, Претплатникот треба директно да го контактира КИБС за да побара поништување на неговиот/нејзиниот сертификат.

9.2.11. Да го користи неговиот/нејзиниот приватен клуч и сертификат во согласност со овие Правила и услови, вклучувајќи ги применливите договори, наведени во дел 13 и законите на Република Северна Македонија.

9.2.12. Да му ги достави на KIBSTrust коректните информации во разумен временски рок, во случај на промена на неговите/нејзините лични податоци, или деталите на правното лице и/или на застапникот на правното лице или сите други неточности во содржината на сертификатот.

9.2.13. Веднаш да го информира KIBSTrust за можност од неовластена употреба на неговиот/нејзиниот приватен клуч или, доколку неговиот/нејзиниот приватен клуч е загубен, украден, можно компромитиран или доколку контролата врз неговиот/нејзиниот приватен клуч е загубена поради компромитирање на податоците за автентикација (на пр., PIN, PUK, корисничко име, лозинка, OTP) или поради други причини и веднаш да го поништи неговиот/нејзиниот сертификат.

9.2.14. Да извести за сите промени на информации доставени при барањето за сертификат или промени во поднесените придружни документи.

9.2.15. Веднаш да побара поништување на сертификатот, доколку претходно воспоставените односи со лицето, предмет на сертификатот прекинале или престанале да постојат.

9.2.16. Да биде одговорен за ставањето временски жиг при потпишување со својот квалификуван сертификат.

9.2.17. Да не продолжи да го користи приватниот клуч, доколку сертификатот е поништен или издавачот на сертификати е компромитиран.

9.3. Претплатникот на квалификуваната услуга за временски жиг треба да:

9.3.1. Ја користи услугата за временски жиг во согласност со KIBSTrust QTSA CP/CPS и овие Правила и услови.

9.3.2. Да креира барање за временски жиг само со согласност со меѓународните стандарди подржани од KIBSTrust, одобрениот софтвер или метод.

9.3.3. Да ги информира крајните корисници на временски жигови за применливите правила. Претплатниците треба да ја штитат тајноста на податоците потребни за влез во системот за издавање временски жиг со тоа што нема да ги соопштат или откријат на трети страни.

9.3.4. Да ги верификува потписите креирани од страна на KIBSTrust QTSA на TST (Верификација без разлика дали ставениот потпис на QTSA врз TST е валиден и верификација на QTSA сертификатот).

9.3.5. Да користи безбедни криптографски функции за барањата за добивање на временски жиг.

9.3.6. Да биде свесен дека истечените временски жигови се невалидни.

9.4. Следниве правила дополнително се однесуваат на Претплатникот чиј идентитет е верификуван со употреба на метод на далечинска верификација на идентитетот:

9.4.1. Претплатникот треба да ги почитува инструкциите точно според упатствата презентирани од мобилната апликација направена достапна за преземање од страна на KIBSTrust или партнерска компанија или на овластениот вработен во KIBSTrust кој го спроведува процесот на валидација.

9.4.2. Претплатникот треба да презентира документ/и за идентификација во добра состојба до таа мера до која што неговата оригиналност може да се верификува.

9.4.3. На почетокот од далечинското препознавање и пред иницирање на процесот на верификација, Претплатникот мора да достави негова јасна согласност во однос на употребата, снимањето и чувањето на процесот на далечинска верификација на идентитетот, како и податоците прибрани во овој процес.

9.4.4. Доколку во процесот на далечинска верификација на идентитетот се појави трето лице што не е Претплатникот / Субјектот, процесот нема да заврши успешно, а сите снимени податоци ќе останат како ревизорска трага а процесот ќе може да се повтори.

9.4.5. Системот за далечинска автентикација на KIBSTrust или овластениот вработен веднаш ќе го прекине процесот на далечинска идентификација и верификација на идентитетот:

- кога документот за идентификација не е соодветен или предизвикува сомнеж во врска со автентичноста и сигурноста; или
- кога Претплатникот несоодветно се однесува кон автоматскиот процес за далечинска автентикација на KIBSTrust или кон овластениот вработен. Во овие случаи, процесот може да се повтори но ако Претплатникот избере еден од другите методи на верификација на идентитетот, наведен во делот 4.

# 10. Обврски на Засегнати страни

10.1. Засегнатата страна ги проучува ризиците и одговорностите поврзани со прифаќањето на сертификатот. Засегнатата страна потврдува дека има пристап до доволно информации за да може да донесе одлука, врз основа на добра информираност, за степенот до кој ќе избере да се потпре на информациите наведени во сертификатот. Засегнатата страна е одговорна за одлуката дали да се потпре на информациите содржани во сертификатот.

10.2. Засегнатата страна потврдува и се согласува дека нејзиното користење на складиштето на KIBSTrust и нејзиното потпирање на сертификатот ќе биде регулирано со Правилата за издавање сертификати на KIBSTrust, како што е применливо во кое било време.

10.3. Доколку не се приложени доволно докази кон сертификатот во врска со валидноста на сертификатот, Засегнатата страна ја верификува валидноста, суспензијата или поништувањето на Сертификатот со користење информации за тековниот статус за поништување, врз база на последниот Регистар на поништени сертификати на KIBSTrust.

10.4. Сите ограничувања во однос на употребата на временските жигови наведени во CP/CPS на KIBSTrust QTSA треба да бидат земени предвид.

10.5. Засегнатата страна треба да ја верификува валидноста на секој сертификат издаден од KIBSTrust со проверка на OCSP и CRL упатувањата (линковите) што се наведени во сертификатот.

10.6. Од Засегнатата страна се очекува да користи доверлива листа за да утврди дали електронскиот потпис, печат или временскиот жиг се квалификувани.

## 11. Поништување сертификати

11.1. Претплатникот може да побара поништување на сертификат во секое време со контактирање на KIBSTrust како што е предвидено во став 19.2. KIBSTrust, исто така, има право да поништи сертификат единствено во случаи наведени подолу. Поништениот сертификат се објавува во Регистарот за поништени сертификати (CRL).

11.2. Сертификат може да се поништи од страна на KIBSTrust во следниве случаи кога:

- KIBSTrust верува или има силни сомневања дека сертификатот е компромитиран,
- KIBSTrust има причина да верува дека Претплатникот прекршил некоја суштинска обврска според овие Правила и услови,
- KIBSTrust има причина да верува дека сертификатот е издаден на начин кој не е во согласност со неговите применливи постапки или е издаден на лице кое не е именувано во барањето или дека неовластено лице побарало издавање на сертификатот,
- KIBSTrust има причина да верува дека суштински факт во барањето за сертификат не е точен или е лажен, или ќе дознае за промени кои влијаат врз валидноста на сертификатот,
- Претплатникот ја загуби својата правна квалификуваност, почине, се наведе дека е отсутен, или е под ликвидација или друга слична постапка,
- Претплатникот ја загубил можноста за користење на локалниот или далечинскиот QSCD,
- Претплатникот бара поништување на сертификатот на физичко лице поврзано со правно лице.
- Конечна судска пресуда со која е побарано поништување,
- Приватниот клуч на Издавачот на сертификати е компромитиран. Во овој случај KIBSTrust ќе направи релевантна објава,
- Надзорното тело бара поништување,
- Претплатникот не извршил навремено плаќање,
- Продолжување со употребата на сертификатот е штетна за KIBSTrust.

## 12. Гаранции, ограничување на одговорност, обесштетување

12.1. KIBSTrust гарантира достапност на своите доверливи услуги 24 часа на ден, 7 дена во неделата со минимум 99% достапност вкупно во годината со предвиден прекин кој не надминува 0,4% годишно.

12.2. KIBSTrust е одговорен за извршувањето на своите доверливи услуги, како што е наведено во неговите Правила и услови за издавање сертификати.

12.3. KIBSTrust гарантира дека има договори за задолжително осигурување што ги покриваат сите доверливи услуги на KIBSTrust за да обезбедат надомест на штета предизвикана од прекршување на обврските на KIBSTrust.

12.4. KIBSTrust ги информира сите претплатници, субјекти, надзорното тело и другите страни со кои одржува релевантни договори, кои може да бидат засегнати, пред да ја прекине доверливата услуга, дека одржува документација поврзана со постапка за прекин на услуга, со сите неопходни информации согласно закон.

12.5. KIBSTrust не е одговорен за:

12.5.1. тајноста на приватните клучеви на Претплатникот и Субјектот кога се наоѓаат на локалниот QSCD, или за можна загуба или оштетување на локалниот QSCD,

12.5.2. тајноста на податоците за пристап до приватни клучеви (корисничко име, лозинка, OTP) кога се наоѓаат на далечински QSCD, за можно губење или оштетување на мобилниот уред што се користи за OTP генерирање,

12.5.3. неправилната или неточната употреба на сертификат од страна на Претплатникот / Субјектот; или каква било злоупотреба на сертификатот или несоодветна проверка на сертификатот; или погрешни одлуки на Претплатникот / Субјектот или Засегнатата страна; или какви било последици поради грешка или пропуст од страна на Претплатникот / Субјектот; или грешка или пропуст при проверките на валидност на Сертификатот,

12.5.4. фалсификуван електронски потпис или електронски печат на документ, индикативно поради украден или компромитиран приватен клуч или QSCD, или на друг начин,

12.5.5. работата на софтверот или на другите апликации обезбедени од трети страни што не се поврзани со КИБС,

12.5.6. неавтентичноста на документите за идентификации или за секоја штета предизвикана на Претплатникот или други лица поради оваа причина, под услов постапката наведена во политиката за верификација на идентитетот на KIBSTrust да биде извршена со сите потребни проверки за време на верификацијата на автентичноста на документот,

12.5.7. загубата, неправилното складирање или неправилната употреба на алатки за временски жигови.

12.5.8. неисполнувањето на своите обврски, доколку таквото неисполнување се должи на грешки или безбедносни проблеми на надзорниот орган, регистарот на доверлива листа на Квалификувани даватели на доверливи услуги на Министерството за информатичко општество и администрација во Република Северна Македонија или кој било друг јавен орган,

12.5.9. неисполнувањето на обврските, доколку таквото неисполнување се должи на настан на виша сила.

12.6. Ограничување на одговорност

Како што е наведено во соодветниот CP/CPS, KIBSTrust дава ограничени гаранции и ги одрекува сите други гаранции, вклучително и гаранциите за соодветност за пласирање на пазарот или соодветност за одредена намена, ја ограничува одговорноста и ја исклучува целата одговорност, освен во случај на намерно несоодветно однесување или груба небрежност, за каква било загуба на добивка, загуба на податоци или други индиректни, последователни или казнени штети што произлегуваат од или во врска со користењето, испораката, лиценцирањето, извршувањето, неизвршувањето или компромитирањето на сертификати за електронски потписи, електронски печати, временски жигови или кои било други трансакции или услуги што се нудат или се разгледуваат овде, дури и ако КИБС е известен за можноста од настанување на такви штети.

12.6.1. Во никој случај вкупната одговорност на KIBSTrust кон која било и сите страни нема да ја надмине применливата горна граница на одговорност за такви квалификувани сертификати наведени подолу.

12.6.2. Обединетата вкупна одговорност на КИБС кон кое било и сите лица во врска со определен квалификуван сертификат е ограничена на износ што не надминува петстотини (500) евра по сертификат и вкупни максимални побарувања од педесет илјади (50.000,00) евра, изразени во денари согласно средниот курс на денарот во однос на еврото објавен од Народната банка на Република Северна Македонија на датум на исплата, без оглед на природата на одговорност и типот, износот или степенот на претрпената штета. Ограничувањата на одговорност предвидени во овој став се исти без оглед на бројот на сертификати за

квалификувани потписи / печати, трансакции или побарувања во врска со таквиот сертификат.

12.6.3. обединетата вкупна одговорност на KIBSTrust кон кое било и сите лица во врска со услугите на временски жигови ќе биде ограничена на износ што не го надминува оној од соодветниот договор (припејд или постпејд) за услугата за временски жиг, кој ќе се пресметува пропорционално и вкупни максимални побарувања од педесет илјади (50.000,00) евра, без оглед на природата на одговорност и типот, износот или степенот на претрпената штета. Ограничувањата на одговорноста предвидени во овој став се исти, без оглед на бројот на временски жигови или побарувања во врска со таквиот временски жиг.

12.6.4. Ограничувањата на одговорноста, предвидени овде, ќе се применуваат до максимално дозволениот степен според важечкиот закон на важечката јурисдикција.

12.7. Обесштетување

До степен што е дозволен со важечки закон, од Претплатниците се бара да го обештетат KIBSTrust за:

- неточности или погрешно претставување на информациите во Образецот за порачка и договор за сертификат; или неуспехот на Претплатникот да претстави важни информации кои ќе влијаат врз содржината на сертификатот, доколку таквото лажно претставување или пропуст е направено со намера да се измами која било страна,
- неуспехот на Претплатникот да го заштити својот приватен клуч, да користи доверлив систем или на друг начин да преземе превентивни мерки неопходни за да се спречи компромитирање, губење, откривање, измена или неовластено користење на неговиот приватен клуч,
- користење на име од страна на Претплатникот што ги повредува правата на интелектуална сопственост на која било трета страна.

# 13. Применливи договори, политики, CP/CPS

Релевантни договори, правила и услови, декаларација во врска со сегашните Правила и услови:

13.1. CP/CPS на KIBSTrust за Квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати.

13.2. Профили на сертификати и OCSP за Квалификувани електронски потписи и квалификувани електронски печати, и конкретно:

- Правила и постапки за квалификуван сертификат издаден на физичко лице каде приватниот клуч и поврзаниот сертификат се наоѓаат на QSCD (0.4.0.194112.1.2)
- Правила и постапки за квалификувани сертификати издадени на физички лица (OID 0.4.0.194112.1.0), QCP-n
- Правила и постапки за квалификувани сертификати издадени на правно лице каде приватниот клуч и поврзаниот сертификат се наоѓаат на QSCD (0.4.0.194112.1.3)
- Правила и постапки за квалификуван сертификат издаден на правно лице каде приватниот клуч и поврзаниот сертификат не се наоѓаат на QSCD (0.4.0.194112.1.1)
- Политика за нормализиран сертификат (OID 0.4.0.2042.1.1)
- Политика за нормализиран сертификат за кој е потребен безбеден криптографски уред (OID 0.4.0.2042.1.2)

13.3. CP/CPS на Издавачот на временски жиг KIBSTrust.

13.4. Политика на приватност на KIBSTrust.

13.5. Тековните верзии на сите горенаведени документи се јавно достапни во складиштето на КИБС https://www.kibstrust.com/repository .

# 14. Политика на приватност и доверливост

14.1. KIBSTrust ги обработува личните податоци според Политиката за приватност достапна во складиштето на KIBSTrust на https://www.kibstrust.com/repository и според сите законски акти на Република Северна Македонија и Европската Унија.

14.2. Сите информации кои станале познати по обезбедувањето на услугите и кои не се наменети за објавување (на пр., информации кои му биле познати на KIBSTrust како резултат на работењето и обезбедувањето доверливи услуги) се доверливи. Претплатникот има право да добие информации од KIBSTrust за него/неа во согласност со законот.

14.3. KIBSTrust ги заштитува доверливите информации и информациите наменети за внатрешна употреба од нивно компромитирање и се воздржува од нивно откривање на трети страни со спроведување различни безбедносни контроли.

14.4. KIBSTrust има право да открие информации за Претплатникот или Субјектот на трета страна која во согласност со релевантните закони и правни акти има право да добива такви информации и, под услов таквото откривање да е законско според националното и законодавството на ЕУ за заштита на податоци.

14.5. Покрај тоа, статистичките податоци за услугите за KIBSTrust кои не се персонализирани, исто така, се сметаат за јавни информации. KIBSTrust може да објавува статистички податоци за своите услуги кое не се персонализирани.

# 15. Достапност за лица со посебни потреби

Издавањето квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати вклучува процеси на онлајн Образец за порачка и договор и идентификација лице-в-лице од страна на вработен во РК / ЛРК или преку далечинска идентификација.

Поднесувањето Образец за порачка и договор преку интернет е достапно за лица со посебни потреби, доколку нивните работни места, користените оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени за потребите на лицата со посебни потреби.

Доколку извршување на онлајн Образецот за порачка и договор не е можно, лицата со посебни потреби можат да дојдат во просториите на РК / ЛРК на КИБС. Пристапот до канцеларијата на РК / ЛРК на KIBSTrust е без бариери. Информациите за непречен пристап до ЛРК и овластените субјекти на трети страни се јасно прикажани на веб-страницата https://www.kibstrust.com. Покрај тоа, KIBSTrust на барање на клиентот нуди услуга за помош дома за подготовка на Образецот за порачка и договор и препознавање лице-в-лице од страна на службени лица на KIBSTrust или службени лица на овластени субјекти на трети страни.

Исто така, Образец за порачка и договор може да биде подготвен за лица со посебни потреби кога истите ќе пристигнат во РК, ЛРК или просториите на овластените ентитети на трети страни од страна на вработени на KIBSTrust, ЛРК или овластени субјекти на трети страни. Во овој случај, лицата со посебни потреби треба да бидат придружени од лица кои ги разбираат потребите и стекнале доверба од лицето со посебни потреби за да им помагаат во процесот на издавање сертификат.

Употребата на издадени квалификувани сертификати за лица со посебни потреби зависи од тоа како нивните работни места, оперативни системи и апликативен софтвер се прилагодени на нивните посебни потреби.

# 16. Политика за поврат на средства

KIBSTrust прави напори да обезбеди највисок степен на квалитет на своите услуги. Сепак:

16.1. Во случај кога продажбата на сертификат се извршува преку интернет, Претплатникот има право, според Законот за заштита на потрошувачите, член 89, изменет и дополнет, да се повлече од продажниот договор без да наведе причини во рамките на ексклузивен рок од четиринаесет (14)

календарски дена од датумот на порачка. Остварувањето на ова право Претплатникот го прави во писмена форма до KIBSTrust, со испраќање на е-порака на helpdesk@kibstrust.com

16.2. Претплатникот во рок од пет (5) календарски дена од денот на активирање на сертификатот, може да поднесе рекламација за сертификатот или за локалниот QSCD во случај на невалидно функционирање, едноставно предизвикано поради фабричка грешка, поради што сертификатот или локалниот QSCD не соодветствуваат на описот, намената и употребата што се декларирани и објавени од страна на KIBSTrust.

16.3. KIBSTrust нема да прифати никакви побарувања за дефекти на сертификат и штети предизвикани по вина или дејствија на Претплатникот.

16.4. Претплатникот има право да се повлече од подготвениот Образец за порачка и договор онлајн пред активирање на сертификатот. Доколку Претплатникот не се појави или не достави соодветна документација во рок од 30 (триесет) дена од својот Образец за порачка и договор за Квалификуван сертификат за електронски потпис или печат во/до РК/ЛРК на Давателот на доверливи услуги, Образецот за порачка и договор ќе биде автоматски отфрлен од системот. Во овој случај, доколку Претплатникот веќе го уплатил сертификатот за електронски потпис или печат, KIBSTrust нема да ја врати уплатата, туку ќе го поврзе тоа плаќање со нова постапка за набавка на сертификат за време на тековната фискална година.

16.5. KIBSTrust постапува со враќањето средства од случај до случај. Во ретки случаи, KIBSTrust може да изврши рефундирање на Претплатникот. Остварувањето на ова право, Претплатникот го прави во писмена форма со испраќање електронска порака до КИБС на helpdesk@kibstrust.com .

# 17. Применлив закон, жалби и решавање спорови

17.1. Сите спорови во врска со доверливите услуги кои се обезбедуваат во согласност со овие Правила и услови се регулираат во секој поглед и се толкуваат во согласност со законите на Република Северна Македонија, со исклучок на нејзините прописи за судир на закони, и на Европската унија.

17.2. До онаа мера до која е дозволено со закон, пред да може да се употреби било каков механизам за решавање спорови во поглед на одреден спор којшто се однесува на кој било аспект на доверливите услуги на KIBSTrust, Претплатникот или која било друга страна во спорот мора да го извести KIBSTrust и сите други страни инволвирани во спорот за сите евентуални побарувања или жалби најдоцна во рок од триесет (30) календарски дена по откривањето на основата на побарувањето, освен ако не е поинаку предвидено со закон. Доколку спорот не биде решен во рок од шеесет (60) дена по првичното известување, страната може да побара правно решавање. Сите страни се согласни дека судовите на Република Северна Македонија ќе бидат исклучиво надлежни за сослушување и решавање на кој било спор во врска со толкувањето и спроведувањето на овие одредби и обезбедувањето на услугите на КИБС.

17.3. Претплатникот или која било друга страна може да го поднесе своето побарување или жалба на следнава адреса за е-пошта: helpdesk@kibstrust.com .

17.4. Сите барања за спор треба да се испратат на контактот за информации наведен во овие Правила и услови.

# 18. Лиценци, доверлива листа и ревизија

18.1. KIBSTrust е квалификуван давател на доверливи услуги чиј статус на давател на квалификувана услуга му е доделен од страна на надзорно тело, Министерството за информатичко општество и администрација во Република Северна Македонија (МИОа) и е наведен во Регистарот на даватели на доверливи услуги и електронски идентификациски шеми (на https://trusteid.mioa.gov.mk/en/home/register-and-lists/), по поднесувањето на извештајот за проценка на сообразност од страна на телото за проценка на сообразност.

18.2. Телото за проценување на сообразноста е акредитирано во согласност со Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 како надлежно за оценување на сообразноста на Давателот на квалификувани доверливи услуги и на Квалификуваните доверливи услуги кои тој ги обезбедува. Шема за акредитација: ISO / IEC 17065 + ETSI EN 319 403 + eIDAS Art.3.18 обем на акредитација.

18.3. Заклучоците од ревизијата или сертификатите кои се базираат на резултатите од ревизија на оценувањето на сообразноста, извршено во согласност со Регулативата eIDAS, како и соодветните закони и стандарди се објавени во складиштето на КИБС на: https://www.kibstrust.com/repository .

## 19. Контакт информации

19.1. Квалификуван давател на доверливи услуги

КИБС АД Скопје (KIBSTrust)
бул. ,, Кузман Јосифовски Питу" 1,
+389 2 5513 444, +389 2 3297 444
helpdesk@kibstrust.com
https://www.kibstrust.com
1000 Скопје, Република Северна Македонија
(понеделник-петок 8.30 -16.00 Централно европско време)

19.2. Апликациите за поништување сертификати се прифаќаат од 08.30 до 16.00 (UTC+1) 8/5 лично во ЛК или преку е-пошта на revoke@kibstrust.com.

19.3. Информациите за веб локацијата и деталите за контакт деталите на услужниот веб портал се достапни на https://www.kibstrust.com.

## 20. Важност на Правилата и условите

20.1. Овие Правила и услови се составени на македонски и други јазици. Во случај на какво било несогласување помеѓу оригиналниот документ на македонски јазик и неговиот превод на другите јазици, документот на македонски јазик ќе преовлада.

20.2. Доколку се утврди дека која било одредба од овие Правила и услови, или нејзината примена е невалидна или неприменлива поради некоја причина и во која било мера, останатите одредби (како и примената на невалидната или неприменливата одредба на други лица или околности) нема да бидат засегнати од таквото откривање на невалидност или неприменливост, и ќе се толкуваат на начин на којшто разумно ќе се спроведе намерата на страните.

## 21. Дефиниции и кратенки

| Поим/кратенка | Дефиниција |
|---|---|
| Издавач на сертификати – ИС (CA) | Дел од структурата на компанијата КИБС одговорна за издавање и верификување Сертификати и Регистар на поништени сертификати со сопствен електронски потпис. |
| Сертификат | Јавен клуч, заедно со дополнителни информации, утврден во профилот на сертификатот чиешто фалсификување е оневозможено преку шифрирање со користење на Приватниот клуч на Издавачот на сертификат кој го издал. |
| Политика за сертификати (CP) | Именуван пакет правила што укажува на применливост на сертификат за одредена заедница и/или класа на примена со заеднички безбедносни барања. |
| Правила за издавање сертификати (CPS) | Правила за постапките што ги користи Издавачот на сертификати при издавање, управување, поништување и обновување сертификат со нов пар клучеви. |
| Регистар на поништени сертификати - РПС (CRL) | Потпишана листа каде е наведена група сертификати што се поништени од Издавачот на сертификати. |
| Координирано универзално време (UTC) | Временска скала која се заснова на секунда, како што е дефинирано во ITU-R Препорака TF.460-5. |
| eIDAS Регулатива | Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014 на европскиот Парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕС. |
| КИБС | КИБС АД Скопје |
| KIBSTrust | Давателот на доверливи услуги претставува организациски дел на КИБС, но функционира како бренд под името KIBSTrust, така што терминот „Давател на доверливи услуги КИБС" се поистоветува со „KIBSTrust".<br>КИБС АД Скопје како правно лице во овој документ е претставен скратено како КИБС. |
| Верификација/валидација на идентитетот | Единствена идентификација на лице преку проверка на неговиот/нејзиниот наводен идентитет. |
| Локална регистрациска канцеларија -ЛРК (LRA) | Субјект што врши идентификација на претплатници и субјекти и првично испитување на нивните соодветни документи за издавање, обновување клучеви и поништување сертификати. |
| Сертификати со долгорочна важност | Квалификуван сертификат кој е валиден 1 до 3 години. |
| MK-eIDAS | Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги. (Службен весник на Република Северна Македонија 101/19…215/19) |
| NTP | Мрежен протокол за време; интернет протокол што се користи за синхронизирање на компјутерскиот часовник со изворите на времето во мрежата |
| OCSP | Протокол за електронско добивање статус на сертификат. |
| OID | Идентификатор кој се користи за еднозначно именување на одреден објект. |
| PIN код | Активациски код за Квалификувани сертификати за електронски потписи и електронски печати. |
| Приватен клуч | Клуч од парот клучеви за кој се претпоставува дека се чува во тајност од страна на сопственикот на парот клучеви, а кој се користи за креирање електронски потписи и/или за дешифрирање на електронски записи или датотеки кои биле шифрирани со соодветниот Јавен клуч. |

| | |
|---|---|
| Јавен клуч | Клуч од парот клучеви кој може јавно да бидат објавен од страна на сопственикот на соодветниот Приватен клуч кој се користи од Засегнатите страни за верификација на електронските потписи, креирани со помош на соодветниот Приватен клуч на сопственикот и/или за шифрирање пораки кои можат да бидат дешифрирани само со помош на Приватниот клуч на сопственикот. |
| Квалификуван сертификат | Квалификуван сертификат е Сертификат кој го издава ИС, кој е акредитиран и надгледуван од страна на надзорно тело назначено од државата и кој ги исполнува барањата на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, и eIDAS. |
| Квалификуван електронски потпис | Напреден електронски потпис кој е креиран од уред за креирање квалификуван електронски потпис и кој се заснова на Квалификуван сертификат за електронски потпис. |
| Квалификува електронски печат | Напреден електронски печат кој е креиран од уредот за креирање квалификуван електронски печат и кој се заснова на Квалификуван сертификат за електронски печат. |
| Квалификуван електронски временски жиг | Податоци во електронска форма што поврзуваат други податоци во електронска форма со одредено време за утврдување доказ дека тие постоеле во тоа време, на начин на којшто е исклучена можноста за промена на податоците. Се базира на точен извор на време поврзан со UTC и се потпишува со користење напреден електронски потпис или напреден електронски печат на Давателот на квалификувана доверлива услуга. |
| Уред за креирање квалификуван потпис/печат (QSCD) | Безбедно средство за креирање квалификуван електронски потпис / печат што ги исполнува барањата утврдени во делот II од eIDAS Регулативата.<br>QSCD може да биде локален во форма на USB токен или смарт картичка или далечински во форма на хардверски сигурносен модул. |
| Квалификувани доверливи услуги | Доверлива услуга, како што е дефинирана во eIDAS што ги задоволува применливите барања утврдени во оваа Регулатива. |
| Квалификуван давател на доверливи услуги | Давател на доверливи услуги кој обезбедува една или повеќе квалификувани доверливи услуги и има добиено квалификуван статус од страна на надзорно тело. |
| Регистрациска канцеларија(РК) | Субјект што врши проверка на идентитетот и валидација на претплатниците за издавање Сертификати, иницира или ги пренесува барањата за поништување на Сертификати и одобрува апликации за обновување сертификати со нов пар клучеви во име на ИС. |
| Засегната страна | Физичко или правно лице кое се потпира на информациите наведени во Сертификатот. |
| Далечинска идентификација на идентитет | Метод/процес со кој претплатникот е идентификуван преку видео конференција и е еквивалентен на верификацијата на идентитетот со физичко присуство. |
| Субјект | Субјектот може да биде:<br>а) физичко лице.<br>б) физичко лице за кое е утврдено дека е поврзано со правно лице. |
| Претплатник | Физичко или правно лице кое се претплатува за било кои доверливи услуги кај одреден Давател на доверливи услуги и кој е законски обврзан за исполнување одредени претплатнички обврски. |
| Правила и услови за користење квалификувани доверливи услуги (Правила и услови) | Овој документ во кој се утврдени Правилата и условите според кои физичкото или правното лице дејствува во својство на Претплатник и/или субјект или во својство на Засегната страна и според кои КИБС ги обезбедува соодветните доверливи услуги. |
| Издавач на временски жигови (TSA) | Давател на услуга на издавање на временски жиг кој издава токени за временски жиг. |

| | |
|---|---|
| Токен за временски жиг(TST) | Податочен објект што поврзува податок со определено време, со што се утврдуваат докази дека податокот постоел пред тоа време. |
| Единица на временски жигови (TSU) | Група на хардвер и софтвер што се управува како единица и има еден активен клуч за потпишување Токен за временски жиг во тој момент. |
| Доверливи услуги | Претплатникот може да аплицира за следниве доверливи услуги понудени од KIBSTrust:<br>- Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис издаден на физичко лице, со употреба на QSCD.<br>- Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис издаден на физичко лице, без употреба QSCD.<br>- Квалификуван сертификат за квалификуван електронски потпис издаден на физичко лице поврзано со правно лице, со употреба на QSCD.<br>- Квалификуван сертификат за напреден електронски потпис издаден на физичко лице поврзано со правно лице, без употреба на QSCD.<br>- Квалификуван сертификат за квалификуван електронски печат издаден на правно лице, со употреба на QSCD.<br>- Квалификуван сертификат за напреден електронски печат издаден на правно лице, без употреба на QSCD.<br>- Квалификувана услуга за издавање квалификувани временски жигови. |
| Доверлива листа | Листа која содржи информации за давателите на квалификувана доверлива услуга во ЕУ, како и информации за квалификуваните доверливи услуги обезбедени од нив. |

**Крај на документот**